1. ***Основ за изработка на работното упатство***

   - Институтот за јавно здравје на Република Македонија и 10-те Центри за јавно здравје преку реализирање на задачите предвидени со чл. 10 и 11 од Законот за јавно здравје (Сл. Весник на РМ бр. 22/10) учествуваат во реализацијата на основните функции на јавното здравје дефинирани во чл. 6, став 1 од истиот Закон. Но, во соработка, координација и со стручно методолошка помош од страна на Институтот за јавно здравје на РМ, во реализацијата на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2013 година учествува и Институтот за медицина на труд на Република Македонија и тоа во спроведување на активности кои не произлегуваат од Законот за јавно здравје, туку од повеќе други закони со кои се регулира следењето, истражувањето и проучувањето ан здравствената состојба на земјоделците и невработените, а се темелат на обврските од Законот за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник бр. 27/09).
   - Сите извршители на програмските задачи се должни да подготват и да доставаат работен план со наведена точна динамика и распоред за реализација на активностите кој е во согласност со стручно методолошките упатства за секоја дејност. За сите извршители на програмата стручно методолошките упатства ги изготвува Институтот за јавно здравје Република Македонија.

2. ***Цел на задачата***

   - Добивање на податоци за присуство на професионални штетности и опасности кај земјоделците и руралното население преку спроведување на епидемиолошко испитување,
   - Утврдување на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците и руралното население,
   - Проценка на зачестеноста на професионалните болести, болестите во врска со работата и повредите при работа кај земјоделците и руралното население,
   - Предлагање на мерки за заштита на работното место кај земјоделците и руралното население,
   - Спроведување на здравствено-воспитна активност наменета за руралното население во врска со професионалните ризици по нивното здравје,
   - Спроведување на едукација и тренинг на здравствените работници (лекари од ПЗЗ и специјалисти по медицина на трудот) во руралните подрачја.

3. ***Исполнети предуслови за отпочнување на реализацијата на под-програмската задача***

   - Анализа на Извештаите од спроведувањето на активностите со иста цел и содржина што се реализирани во перидот 2010-2012 (три години)

### 4. *Опис на изведбата (техничко упатство за изведбата)*

- Дефинирање на специфичната цел/и на под-програмската задача, а во согласност со планираната содржина на насочениот преглед,
- Дефинирање на целните групи и нумеричка стратификација на земјоделските работници направена според структура на земјоделски стопанства (Регулатива бр. 1166/2008 на Европската комисија со примене во Република Македонија), а базирано на Националната класификација на занимањата и според типологијата на земјоделските стопанства во класи (Европската регулатива број 1242/2008, која е единствена класификација на земјоделските стопанства во Европската унија со примена во Република Македонија).
- Дефинирање на стратум(и) релевантни за реализација на под-програмската задача, а во согласност со прпланираната содржината на насочениот преглед,
- Дефинирање на репрезентативен примерокот на земјоделски работници за испитување согласно специфичната цел/и и направената стратификација (географска дистрибуција, пол, возраст, должина на професионална експозиција),
- Дефинирање на методологија за случаен избор на репрезентативен примерок (рандомизирање според табела на случајни броеви или систематски примерок)
- Утврдување на временскиот период во текот на годината во кој би се изведувало испитувањето, а со оглед на очекуваната професионална експозиција (прашина, користење на земјоделска механизација и употреба на органофосфорни пестициди) која е дефинирана со планираната содржина на насочениот преглед (спирометрија, јаглероден моноксид и карбоксихемоглобин во крв, како и одредување на холинестераза),
- Избор на големината и карактеристиките на групата на рурално население кое е предвидено со целите на под-програмската задача,
- Стандардизација на Прашалникот за следење на влијанието на професионалните штетности врз здравјето на земјоделците и руралното население, а со цел за идентификација на професионалната експозиција,
- Теренска и лабораториска потврда на специфичната професионална изложеност според вид, интензитет и траење, а со цел за проценка на експозицијата,
- Утврдување на критериуми за проценка на здравствената состојба на земјоделските работници и руралното население, а во зависност од резултатите од насочените прегледи,
- Стандардизирање на едукативно-превентивните содржини на брошурата чие печатење е предвидено со под-програмската задача (компаративна анализа на содржините на брошурите од претходните години 2010-2012)
- Развој на методологија за утврдување на професионалните ризици кај земјоделците како основа за организирање на работилниците предвидени со под-програмската задача.

5. ***Учесници во реализација на активностите дефинирани со техничко упатство за изведба на под-програмската задача***

- Претставници на Институтот за јавно здравје на Република Македонија како одговорна институција за изработка на стручно-методолошките упатства за сите програмски задачи и извршители на истата (професори на медицински факултет од Сектор за промоција и следење на незаразни болести, Сектор за здравствена екологија и од Центар за референтни лаборатори – извршители: 3),
- Претставници на Институтот за јавно здравје на Република Македонија – Одделение за медицина на труд и проценка на ризици на работно место (професори на медицински факултет – извршители: 1) и Сектор за здравствена екологија (професори на медицински факултет – извршители: 1),
- Претставници на Институтот за медицина на труд на Република Македонија (професори на медицински факултет – извршители:2)
- Здружение на доктори специјалисти по медицина на труд при Македонско лекарско друштво
- Здружение на доктори специјалисти по хигиена и здравствена екологија
- Претставници на овластените установи по медицина на трудот

6. ***Активности за изведба***

- Теренско изведување на анкетното истражување со примена на Прашалникот за за следење на влијанието на професионалните штетности врз здравјето на земјоделците и руралното население,
- Теренско изведување на насочените здравствени прегледи во стандардизирани услови за изведување на истите (минимум услови во однос на простор, опрема и кадар за изведување на прегледите),
- Теренско земање на примероци за одредување на хематолошките и токсиколошките параметри (според критериуми од точка 6, алинеа 2 и методологијата за земање и транспорт на примероци од биолошки материјал)
- Лабораториско одредување на хематолошките и токсиколошките параметри (според акредитирани методи, особено за токсиколошките анализи),
- Аналитичко-дескриптивна анализа за утврдување на здрвствената состојба на земјоделските работници и руралното население,
- Статистичка анализа на утврдување на разликите во здравствената состојба на земјоделските работници и руралното население.

### 7. *Показатели за следење на напредокот*

- Изработена нумеричка стратификација (кластери) на земјоделските работници во Република Македонија
- Изработена методологија за избор на репрезентивни примероци за различни стратуми (кластери) на земјоделски работници,
- Изработена методологија за земање на рандомизирани примероци на земјоделски работници и на рурално население,
- Изработка на стандардизиран прашалник за следење на влијанието на професионалните штетности врз здравјето на земјоделците и руралното население,
- Реализиран број на анкетни испитувања,
- Реализиран број на лабораториски анализи за идентификациај на професионалните штетности (прашина, издувни гасови, органофосфорни пестицицди),
- Реализиран број на насочени прегледи со содржина предвидена во делот Безбедност и здравје на работа и превентивна здравствена заштита на работниците и земјоделците, табела бр. 1, стр.34 од поглавјето Безбедност и здравје на работа и превентивна здравствена заштита на работниците и земјоделците.
- Изработен годишен извештај за утврдената состојба и предложените јавно-здравствени акции

### 8. *Показатели на исход*

- Намален број на професионални болести и повреди на работа кај земјоделските работници во однос состојбите регистрирани со програмските задачи во периодот 2009-2012,
- Намален број на утврдени оштетувања на здравјето и работната способност во кај земјоделските работници во однос на состојбите утврдени со програмските активности во периодот 2009-2012.
- Подобрени услови за работа и намален професионален ризик кај земјоделските работници во однос на состојбите утврдени при спроведувањето ан програмските активности 2009-2012.

*ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р епубликаМакедонија*
*Одделение за медицина на труд и проценка на ризик на работно место*

*Изработил: Проф. д-р Елисавета Стикова*